**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 март 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Сто дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Нелко Стојановски, Слободан Најдовски, Г'зим Острени, Каролина Ристова, Игор Ивановски, Весна Борозан, Ванчо Ѓоргиев Славица Грковска, Рафет Муминовиќ, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Теута Арифи и Мендух Тачи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Бидејќи има пристигнато, потпишано и подигнато картички од 31 пратеник, објавувам пауза до 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,32 часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните пратеници)

Благодарам.

Ве молам седнете на своите места.

Во салата се присутни 61 пратеник, доволно за да констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет како и Народниот правобранител.

Записниците од Сто и дваесет и првата, Сто и дваесет и третата и Сто и дваесет и петтата седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од Сто и дваесет и првата, Сто и дваесет и третата и Сто и дваесет и петтата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Пратеникот Каме Петров предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основниот суд во Прилеп.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Го молам пратеникот Каме Петров да ја образложи итноста на Предлогот.

**Каме Петров:** Благодарам претседателе.

Врз основа на членот 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија има основна и неодложна потреба спомнатата точка да биде дополнета во дневниот ред на денешната седница на Собранието на Република Македонија.

Значи, станува збор за огласување за избор на судии чие итно огласување ќе значи и навремено завршување на постапката на избор на овие јавни функции што во крајна линија ќе биде и во функција на поуспешна работа на спомнатиот Суд. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на пратеникот Каме Петров го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, 57 гласале, 55 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот на пратеникот Каме Петров е усвоен.

Во врска со Предлогот за донесување закон за прогласување на локалитетот "Маркови Кули" за споменик на природата, со Предлог на закон, Комисијата за култура предлага Собранието на оваа седница да расправа само по Предлогот за донесување на законот.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, 52 гласале, 51 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија;
2. Предлози за разрешување на судии на Апелациониот суд во Скопје;
3. Предлози за разрешување на судии на Основните судови во Кочани и Струмица;
4. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основниот суд во Прилеп;
5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка во областа на туризмот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија, со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за отварање нов меѓународен патен граничен премин меѓу двете земји Требиште-Џепиште, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, со Предлог на закон;

9. Предлог на закон за Бирото за развој на образованието;

10. Предлог за донесување на закон за стручно образование и обука;

11. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за Владата на Република Македонија, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот буџет, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за попис на земјоделството во Република Македонија, 2006 година, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за спречување судир на интереси;

15. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за проектот за АД МЕПСО, кој ќе се склучи помеѓу АД МЕПСО-Пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост и Меѓународната банка за обнова и развој, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за прогласување на локалитетот "Маркови Кули" за споменик на природата;

17. Предлог за донесување на закон за прогласување на локалитетот "Смоларски Водопад" за споменик на природата, со Предлог на закон;

18. Предлог на закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија;

19. Барање за давање автентично толкување на членовите 10 и 11 од Законот за трансформација на Јавното претпријатие "Македонски железници"-Ц.О. Скопје, поднесено од пратеникот Тито Петковски;

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државјанството на Република Македонија, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за изменување на законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, со Предлог на закон;

25. Годишен извештај за работата на Народниот правобранител за 2005 година.

26. Предлог за донесување на закон за обештетување на политичките затвореници и на нивните семејства во Република Македонија во периодот од 1946 до 1991 година, со Предлог на закон;

27. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред.

Госпоѓа Топузова, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

Од името на пратеничката група на Либерално демократската партија, бидејќи дојде до едно недоразбирање, барам пауза од 15 минути.

(Дофрлање од страна на пратениците)

Добро, половина час, еве велат дека не е доволно да се усогласиме.

**Љупчо Јордановски:** Да ви кажам, пред да го гласаме дневниот ред, јас ќе дадам пауза. Значи, нема да го утврдиме, да го гласаме, само да ги утврдиме овие другиве, ако може. Да видиме што е работава.

Значи, пред да го гласаме дневниот ред, јас знам во што е работата.

Дали го прифаќате ова или барате веднаш пауза.

**Роза Топузова Каревска:** Веднаш пауза, да, веднаш.

**Љупчо Јордановски:** Давам 15 минути пауза.

(По паузата седницата продолжи во 12.00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 70 пратеници.

Госпоѓо Топузова повелете.

**Роза Топузова - Каревска:** Благодарам претседателе, со оглед дека не можат за толку кратко време да се усогласат двете комисии, тогаш предлгам точката 15 - Предлогот за донесување на закон за прогласување на локалитетот Маркови Кули, за споменик на припродата, со Предлог на закон, да се симне од дневниот ред.

**Љупчо Јордановски:** Имате предлог.

**Роза Топузова - Каревска:** Јас објаснив, за да се усогласат двете комисии.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е објаснување на госпоѓа Топузова. Јас тоа треба да го ставам на гласање.

Значи, точката 16 од прочитаниот дневен ред, изгласавме дека треба да оди само во прва фаза. Вие сега предлагате тоа да се симне од дневниот ред.

**Роза Топузова - Каревска:** Тоа што треба да се усогласат двете комисии.

**Љупчо Јордановски:** Точката 16 да се симне на дневниот ред, ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеника, 53 за, 1 воздржан, 18 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Повелете господине Мавровски процедурално.

**Спиро Мавровски:** Господине претседателе, затоа барав процедурално пред да се гласа, затоа што еднаш е донесена потребата да се разгледа во прва фаза. Незнам дека двете министерства можат да се усогласат. На овој начин го повлекуваме законот и се носиме во ситуација, дали воопшто до крајот на овој состав ќе биде разгледуван овој закон.

Потребата од донесување апсолутно, не е спорна. Начинот на кој што треба да се реализира сето тоа, тоа е спорно. Затоа, не гледам причина законот да биде повлечен од седницата.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски членот 72 прочитајте го.

**Спиро Мавровски:** Затоа се јавив претседателе пред да дадете гласање и затоа беше процедуралното. Сега вие го дадовте на гласање и ова веќе нема ефект.

**Љупчо Јордановски:** Јас сакам да кажам дека членот 72 го почитувам. Како што секоја точка може да се стави на дневен ред по член 66 ако има материјали и ако тоа се изгласа од Собранието тоа е легитимно, како што секоја точка може да се симне од дневниот ред и за тоа одлучува Собранието. Тоа е членот 72. Кога ќе се усогласат ставовите на двете комисии и кога ќе го поднесат законот во сите две фази, тоа зависи од предлагачот.

Господине Витановски повелете процедурално.

**Јанаки Витановски:** Благодарам господине претседателе, јас ова процедурално прашање го поставувам дали до вас или до мојот координатор Јани Макрадули и барам овие наши членови кои што поминаа во партијата на Тито, да си седнат во опозиција, да не седат тука.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Витановски. Тоа воопшто не е процедурално. Секој има право да седи таму каде што има слободно место.

Господине Шаќири повелете.

**Хисни Шаќири:** Ви благодарам господине претседател, јас предлагам дневниот ред на денешната седница да се дополни со уште една точка, таа точка би била извештај, или информација која што вчера ја претстави Министерство за внатрешни работи за случајот Кондово. Мислам дека бидејќи излезе со своите политички проценки за целиот настан, би било добро Парламентот да има еден таков извештај, или информација во пишана форма од страна на Министерство за внатрешни работи. А доколку тоа сега не може да се направи, да се направи до следната седница, затоа што драмата во Кондово траела години со ред.

**Љупчо Јордановски:** Знаеме за член 66, тука сме скоро 4 години, без пишувана информација доставена од било кој, не можеме ниедна точка на дневен ред да ставиме, затоа, јас ќе го пренесам вашето барање до Министерство за внатрешни работи, да ни достават информација и ако одлучиме таа да биде на дневен ред, ќе биде на дневен ред.

Господине Илијаз Халими, сакам да ви предочам, ако говорите за редоследот на точките на дневен ред, тогаш тоа е во втората фаза. Прво зборуваме за дополнување на дневниот ред, а не за редоследот. Исто така и господинот Матоши ако сака да зборува во врска со тоа.

Бидејќи нема никој повеќе пријавени во врска со изменување и дополнување на дневниот ред, денвниот ред го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 66 за дневниот ред, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека точките кои што се предложени за дневен ред, се утврдени. Нема веќе дополнување или изменување.

Прашувам дали некој има баање или предлог за редоследот на точките.

Господине Аднан Јашари повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседателе, барам точката 19 која се однесува за предлогот за донесување на закон за оштета на политичките затвореници и нивните семејства во Република Македонија во периодот од 1946 - 1991 година, со Предлог закон, да биде ако може точка 5.

Ова го велам, бидејќи ценам дека и вчерашната расправа во врска со декларацијата предложена од група пратеници имаше голема заинтересираност и засновајќи се на овој факт, ценам дека ова точка има своја тежина и свое значење и затоа предлагам да биде точка 5 на оваа денешна седница.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е точката 26 по предложениот дневен ред. Вие предлагате точката 26 да биде точка 5.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 18 за, 2 воздржани, 43 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Госпоѓо Ивановска повелете.

**Лилјана Ивановска:** Мојот предлог за измена на редоследот на дневниот ред се однесува, мислам дека е точка 17, го немам тој редослед кај мене, тоа е предлогот за донесување на закон за прогласување на локалитетот Смоларски водопад за споменик на природата, со Предлог на закон, да оди како точка на дневен ред, после ратификацијата на спогодбата меѓу Република Македонија и Советот на министри на Република

Албанија. Значи тоа или 6 или 7 точка од дневниот ред.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е точка 17, да биде...

**Лилјана Ивановска:** Затоа што законот е од мал обем и нема да одзема многу време и затоа предлагам после ратификацијата да се донесе овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е точката 17, пред да ја симнеме претходната точка. Предлогот е точката 17 Смоларски водопад да биде точка 7, после ратификацијата.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 70 присутни, 41 гласале за, 2 воздржани, 16 против.

Констатираме дека Предлогот е усвоен.

Господине Илијаз Халими повелете.

**Илијаз Халими:** Благодарам господине претседател, јас предлагам точката 22, според дневниот ред што го предложивте вие, која што е во однос на предлогот на донесување на закон за изменување и дополнување на законот за државјанство на Република Македонија, со Предлог на закон, да биде ставена како број 6 во дневниот ред, имајќи предвид дека првите пет точки ќе се разгледуваат и ќе поминат многу брзо.

Образложението за ова е следно: Како што знаеме сите пред две години се направија измени и дополнувања на Законот за државјанство каде што беа предвидени неколку олеснувања за оние граѓани кои живееле во Република Македонија до пред осамостојувањето на Република Македонија и кои што и понатаму имаат некоја врсака со Републиката, да може во текот на тие две години, доколку аплицираат да можат да се стекнат со државјанстото на Република Македонија. Иако овде не се говореше за олеснувања, сепак тогаш така беше речено, останале многу граѓани без да стекната државјанство, бидејќи овој рок од две години, всушност истече пред 10 дена и за да нема некаков вакум, во оваа насока со новиот предлог кој што ние го правиме со овој закон се предвидува овој рок да се продолжи за уште една година. Би било упатно да се разгледа како точка 6 од дневниот ред и на овој начин да дадеме можност на граѓаните во продолжение да аплицира за стекнување на државјанство.

Доколку остане како точка 22, имајќи ги предвид точките што се пред точката 22, каде што сигурно ќе се задржиме многу денови, со ова на многу граѓани ќе им се оневозможи, со оние услови што ги предвидува посебно членот 14 од актуелниот закон, да се стекнат со државјанство.

Затоа би замолил да гласаме оваа точка да биде 6-та во дневниот ред. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Значи точката 22, која се однесува за законот за државјанство, треба да биде точка 6, или колку ве разбрав, после ратификациите, бидејќи тие точки одат побрзо.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 23 гласале за, нема воздржани, 38 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Господине Ружди Матоши повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседател, јас имам еден предлог за една точка, која треба да биде понапред, отколку таму што е сместена. Се зборува за точката 21, за дополнување на Законот на посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства.

Мислам дека овој закон треба да ги освести, или овој Предлог закон треба да ја освести политиката во Македонија. Затоа што е итна оваа точка, барам да биде прва точка од дневен ред на денешната седница.

Образложението е дека се говори за еден закон кој транспарентно ги дели граѓаните на Република Македонија, а ние како парламентарна група со овој предлог за донесување на овој закон, нудиме оваа поделба на граѓаните да се пребророди. Овој закон многу добро говори дека овие права треба да ги искористат и бившите членови на ОНА и граѓаните кои страдале од конфликтот во 2001 година.

Значи, итноста е голема и би ги повикал сите парламентарни групи во овој Парламент да му се посветат на анексот Ц од Охридскиот Рамковен договор, каде се повикува за приближување и се дава една клима на доверба на сите заедници кои живеат во Република Македонија. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е точката 27 со Предлогот кој што е прочитан на дневен ред. Малку сте амбициозни, но јас не можам да ви го ускратам тоа право да биде прва точка на дневен ред.

Затоа, предлогот, последната точка да биде прва точка на дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 22 за, нема воздржани, 40 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Господине Неждет Мустафа повелете.

**Неждет Мустафа:** Благодарам претседателе, предлагам, како предлагач на точката 24- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со предлог на закон, барам да се помести оваа точка, во интерес на точката , а и секако во однос на содржината, што се надевам дека ќе нема многу дискутанти, а ќе биде од огромно значење да помине оваа точка, предлагам да биде после точката 9, - Предлог за донесување на закон за стручно образование и обука, што мислам дека ќе ми биде голем шлагфорд во однос на точката која што јас ја предлагам. Ги молам пратениците за подршка на мојот предлог.

**Љупчо Јордановски:** Точката 24 во предложениот дневен ред, господинот Неждет Мустафа, предлага да биде точка 12, односно по точката Предлог на закон за Бирото за розвој на образованието, која што е 9.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеника, 61 за, 3 воздржани, 4 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Повелете господине Зуди Џелили имате збор.

**Зуди Џелили:** Се јавив малку со задоцнување, господине претседател, мислејќи дека Неждет Мустафа ќе предложи Извештајот на Народниот правобранител да се разгледа не како последна точка, туку некаде после ратификациите, од причина што состојбата во Република Македонија, што се однесува до повредувањето на правата и слободите на граѓаните, е алармантна и Извештајот на Народниот правобранител претставува една серија на повреди на слободите и правата на граѓаните. Мислам дека би било добро овој Извештај да се разгледа односно да го поместиме понапред во дневниот ред и сите заедно да конcттираме дека овие појави се загрижувачки за населението и за институциите на државата, бидејќи и соработката помеѓу оваа институција и Владата и другите институции со кои би требало да соработува, не е на потребното ниво. Мислам дека нашиот придонес би бил во тој правец, во правец на подобрување на соработката и елиминирање на негативните појави кои прават повреда на правата и слободите на граѓаните, право кое е заштитено со Уставот.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот, Извештајот за работата на Народниот правобранител за 2005 година, да биде после ратификациите, после точка 6, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 гласале, 26 за, нема воздржани, 36 против.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Бидејќи нема повеќе пријавени дискутанти околу редоследот на точките, да ги констатирам измените.

Измена 1. - Предлог за донесување закон за прогласување на локалитетот "Маркови Кули" за споменик на природата, со Предлог на закон, е симната од дневен ред.

Измена 2. - Предлог за донесување на закон за прогласување на локалитетот "Смоларски Водопат" за споменик на природата, со Предлог на закон е точка 7, веднаш после ратификациите, пред предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон.

Измена 3. - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон, е веднаш после Предлог на законот за Бирото за развој на образованието.

Во текот на расправата ќе го добиете редоследот на дневниот ред по кој ќе работиме понатаму. Нормално, во текот на самата расправа, по Деловникот, може некој да предложи и додатни измени на редоследот, но, не повеќе дополнувања и изземање на точки, освен ако предлагачот повлече закон.

**Минува на точка 1. - Предлог за разрешување на судија на Врховен суд на Република Македонија.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и предлогот Јосиф Луковски да биде разрешен од функцијата судија на Врховниот суд на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 75 пратеници, 57 гласале, 55 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Јосиф Луковски е разрешен од функцијата судијај на Врховен суд на Република Македонија, по лично барање.

**Минуваме на точка 2. - Предлог за разрешување на судии на Апелациониот суд во Скопје.**

Предлозите за разрешување ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот Благуна Кочева да биде разрешена од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје.

Молам, кој бара збор. (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Благуна Кочева да биде разрешена од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 гласале, 60 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Благуна Кочева е разрешена од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Отворам претрес по Предлогот Зорка Барутчиска - Бочварска, да биде разрешена од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје.

Молам, кој бара збор. (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Зорка Барутчиска - Бочварска, да биде разрешена од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 гласале, 57 за, 2 воздржани, 3 против.

Констатирам дека Зорка Барутчиоска - Бочварска е разрешена од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје, по лично барање.

**Минуваме на точка 3. - Предлози за разрешување на судии во Основните судови во Кочани и Струмица.**

Предлозите за разрешување Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот Димитар Стаменков да биде разрешен од функцијата судија на Основен суд во Кочани.

Молам, кој бара збор. (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Димитар Стаменков, да биде разрешен од функцијата судија на Основен суд во Кочани, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

64 гласале, 58 за, 1 воздржани, 5 против.

Констатирам дека Димитар Стаменков, е разрешен од функцијата судија на Основен суд во Кочани по лично барање.

Отворам претрес по Предлогот Стојна Милановиќ, да биде разрешена од функцијата судија на Основен суд во Струмица.

Молам, кој бара збор. (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Стојна Милановиќ, да биде разрешена од функцијата судија на Основен суд во Срумица, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

72 присутни, 59 гласале, 67 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Стојна Милановиќ е разрешена од функцијата судија на Основен суд во Струмица, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Минуваме на точка 4.- Предлог на одлука за огласување из бор на судии на Основниот суд во Прилеп.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор. (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

61 гласале, 59 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судии на Основиот суд во Прилеп.

**Минуваме на точка 5. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка во областа на туризмот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка во областа на туризмот меѓу владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија.

Ве повикувам да гласаме.

Од 70 присутни, 54 гласале, 54 за, нема воздржани, нема мпротив.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Господине Матоши процедурално, повелете.

**Ружди Матоши:** Господине претседателе побарав збор и тоа на време, притиснав на дугмето, а вие малку побрзавте, незнам дали ме видовте.

Јас сакам да кажам неколку збора по оваа точка, па ве молам да ми дадете збор.

**Љупчо Јордановски:** За 20 секунди, кој бара збор, може да се пријави.

Господине Матоши имате можност по Предлогот на текстот на законот да кажете тоа што сакате.

Еве заради проба ќе ја прочитам уште еднаш точката и ќе го мерам времето, да видите дека сте можеле да се пријавите на време за збор.

Го измерив времето додека ја читав точката и поминаа 26 секунди. Значи сте имале време да се пријавите за збор.

Господине Матоши вие иако бевте отсутни, имате доволно искуство како се работи, а имате можност да кажете, како што реков по текстот на законот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Од 70 присутни, 59 гласале, 59 гласале за, нема воздржани нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Матоши.

**Ружди Матоши:** Господине претседател, навистина има недоразбирања. Вие многу брзо зборувате. Јас секогаш сум притискал на време на копчето за да земам збор и да ги дадам своите квалификации или квалификациите на мојата партија во однос на овој или било кој закон. Ние, господине претседател сакаме Собранието да работи на транспарентен начин и сите пратеници кои сакаат да дадат свое мислење за тоа што се работи во Парламентот, вие тоа треба да им го овозможите.

Сакам да зборувам за тоа дека појавата на туризмот е многу позитивна појава за развојот на Албанија и на Македонија и ние како Парламентарна група го поддржуваме овој договор помеѓу Република Албанија и Република Македонија, што се однесува на туризмот и нашата партија секогаш праќала отворени писма до министерот за надворешни работи, до премиерот и се барало да има поголемо движење на граѓаните, посебно во сезоната на туризмот, граѓаните на Албанија да ги избегнат тие контролни точки на граничните премини, посебно граѓаните Албанци од Република Македонија, затоа што над 200 илјади Албанци своите летни одмори ги поминуваат на Албанското крајбрежје. Меѓутоа, и други граѓани зошто не. Затоа ние како парламентарна група ќе го поддржиме овој договор и нашиот глас ќе биде за. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Матоши.

Еве секогаш има начин и добра волја да се каже она што се мисли да се каже и јас не ви ја ускратив потребата вие тоа да го кажете.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 70 присутни пратеници, 56 гласале, 56 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за соработка во областа на туризмот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија.

**Минуваме на точка 6. - Предлог за донесување на закон за ратуфикација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за отворање нов меѓународен патен граничен премин меѓу двете земји Требиште - Џепчиште, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Матоши, имате збор.

**Ружди Матоши:** Благодарам претседателе,

Исто така нашата парламентарна група ќе ја поддржи оваа спогодба за отворање граничен премин меѓу Република Албанија и Република Македонија, констатирајќи дека тоа овозможува една двострана комуникација на граѓаните на двете држави. ДПА секогаш беше на оваа линија, бидејќи отворањето на граничните премини во времето кога регионот се подготвува за можноста да се зачлениме во ЕУ или во Евроатланските тела, овозможува уште еднаш прилагодување и посветеност да се направи еден позитивен развој во тој правец. Но на овие гранични премини менаџментот односно управувачките екипи треба да работат на создавањето на услови на овие гранични премини и внимателно треба да работи за употребата на албанскиот јазик на граничните премини, персоналот и екипата која работи во извршувањето на секојдневните работи или обврските кои произлегуваат во вршењето на работите на овие гранични премини. Значи ние сме посветени на тоа да го дадеме нашиот придонес, како парламентарна група и ќе гласаме за. Истовремено ќе побараме управувачката екипа на овие грахнични точки да биде во согласност со закон и во соглаасност со создавањето на стандарди што ги бараат граничните премини. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Насуфи, имате збор.

**Џевдет Насуфи:** Благодарам претседателе,

Така како што рече и претходниот говорник на почетокот, треба да се поддржи иницијативата. Јас не го ставам под сомнеж и лижно подржувањето на оваа работа. Меѓутоа, сакам да направам една забелешка односно да дадам забелешка до Владаа.

Вие знаете или барем би требало да знаете дека меѓу Македонија и Албанија е ратификуван уште еден договор за отворање на граничен премин меѓу Охрид и Подградец, кој е во однос на пловење или воден пат меѓу овие два града. За жал, овој договор беше потпишан од поранешната Влада кон крајот на нивниот мандат. Меѓутоа, еве четири години не се спроведува истиот договор. Затоа и мојата забелешка би била во тој правец, двете Влади во интерес на граѓаните, во интерес на слободната комуникација, не само што треба да го потпишаат овој договор и да го ратификуваат, туку истовремено истиот треба и да се спроведе, во прв ред тоа што е на граничниот премин, врската Охрид-Подградец. Истовремено и овој договор кој денес го ратификукваме.

Моето барање е Владата да биде консеквентна, сестрана, во спроведувањето на законите, ратификувањето на договорите што ги донесуваме, еве како во оваа прилика, значи со консензус, нешто што е за поздравување.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Џелили Имате збор.

**Зиди Џелили:** И јас го поддржувам овој Предлог на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Советот на министри на Албанија, бидејќи овој договор докажува уште еднаш дека регионалната соработка и отворањето на граничните премини за слободен проток на капитал и на луѓе е од интерес на балканските земји е од интерес на граѓаните на овој регион. Бидејќи сите балкански земји заемно, ја сакаат интеграцијата во ЕУ и НАТО, отворањето на граничните премини, значи со кој граѓаните на двете земји да има слободен проток

е еден договор кој несомнено дека треба да се поддржи. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Лалчевска, повелете имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе,

Јас да кажам дека ќе дадеме поддршка на Предлогот за донесување на Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија, бидејќи желбата на многу кои живеат во овој регион и од македонската и од албанската страна е дамнешна и тие одамна бараа начини и модуси да се издејствува отворање на граничен премин кај Џепчиште со Требиште од другата страна.

Јас верувам дека ќе биде исполнета таа нивна одамнешна желба и овој граничен премин, иако рокот не е утврден во Спогодбата дека многу брзо ќе се отвори, ќе се обезбедат сите технички услови, ќе профункционира тој граничен премин и ќе им овозможи поголема комуникација на овие два региони од двете страни на државата, кои за жал се доста пасивизирани и мислам дека граничниот преми што со оваа спогодба се предвидува ќе се отвори наскоро и ќе им се овозможи побрз развој на овие региони од двете страни и на македонската и на албанската страна, особено што во делот од Република Албанија, во граничниот дел живеат многу македонци по род кои што ќе ја почуствуваат близината на матичната земја.

**Љупчо Јордановски:** Господине Витановски повелете, имате збор.

**Јанаќе Витановски:** Во однос на овој Предлог на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министи на Република Албанија за отворање на меѓународен патен граничен премин меѓу двете земји со седиште во Џепиште во целост го поддржувам и затоа давам поддршка.

Моето јавување беше околу тоа што апелирам и барам да продолжат разговорите помеѓу Република Македонија и Република Грција да се отвори патен граничен премин помеѓу Република Македонија и Република Грција на место Долно Дупени, односно Маркова нога бидејќи таму има разговори и после целосна..

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине, ве молам да се држиме до законот што е пред нас, а имаме начини како можеме да побараме и од Владата за други премини и тоа не само со Република Албанија, туку и со другите држави што се наши соседи.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Во насока за поддршка од ВМРО-Народна партија во однос на овој Предлог на закон за ратификација и господинот Јанаќе Витановски, апсолутно го поддржувам затоа што тој предлог од пратениците веќе беше испратен до Владата и се надевам дека Владата не слуша и во западниот регион врските Албанија-Грција-Македонија се отворен простор и мислам дека треба да се гледа заедно и што побрзо да се отворат уште еден до два премини кон овој простор за да заживее еврорегионот.

Значи, ВМРО-Народна партија дава поддршка на овој закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Молам дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за отварање нов меѓународен патен граничен премин меѓу двете земји Требиште и Џепиште.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 56 гласале, 56 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.Ѓ

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 57 гласале, 57 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник, 55 гласале, 55 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификција.

**Седма точка - Предлог за донесување на закон за прогласување на локалитетот "Смоларски Водопад" за споменик на природата, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предогот за донесување на законот и Ве молам кој бара збор.

Господине Георгиев, имате збор, повелете.

**Драган Ѓорѓиев:** Почитувани пратеници,

Пред нас е Предлог за донесување на законот за прогласување на закон за прогласување на локалитетот "Смоларски Водопад" за споменик на природата и добро е што Владата, односно Министерството за животна средина и просторно планирање, преку предлагање на овој закон ја

покажува својата грижа за природните реткости како што е Смоларскиот Водопад, имено само еден податок. Овој водопад се наоѓа во општина Ново Село и е со височина од 39,5 метри. Овој закон пред се нуди заштита на геоморфолошките и плодно-вегетациските вредности кои што се од исклучително значење за заштита на природата, и според него општината која што во изминатиот период покажа дека се грижи за вакви природни реткости, имено преку изготвување на разни проекти и нивна апликација до нелвадини и други организации, преку добивање на финансиски средства општината покажа дека ефикасно и практично се грижи и во насока на заштита на овие природни реткости и во насока на развој на туризмот, посебно на еко-туризмот и сите пропратни дејности кои што можат да следуваат во таа насока.

Целта е развој на еко-руризмот, а со тоа и развој на општината која што ги поседува овие природни реткости.

Во општина Ново Село, покрај оваа природна реткост, исто така се развива и еко-туризмот и во други еко туристички места како што се Мокрински извори, водопади во Колешино и тн.

Поддршката на овој закон треба да дојде од сите политички партии претставени во Собранието на Република Македонија, меѓутоа со една измена која што е предложена во вид на амандмани од група на пратеници. Суштината на амандманите е во следното. Субјектот кој што управува со спомеников на природата да се замени наместо со "Македонски шуми-Скопје" Подружница Шумско стопанство Беласица - Струмица да стои "Градоначалникот на општина Ново Село", имајќи во предвид дека не може да стои единицата на локалната самоуправа затоа што имаме посебни органи во општината, градоначалник, Совет на општината и тн. Затоа што самата локална власт сигурно дека ќе води повеќе грижа за одржувањето, за зачувувањето, развојот на еко-туризмот, за подигањето на јавната свест во оваа насока за заштита и тн.

Сите членови кои што се однесуваат на овој дел во амандманите е предложено да се заменат со локалната власт, односно со градоначалникот на општината Ново Село.

Впрочем, тоа беше изнесено и во јавната расправа која што Министерството за животна средина го организираше во општината каде што беа изнесени овие забелешки.

Исто така овие забелешки беа прифатени во дискусиите на сите пратеници кои што учествуваа на седницата на Комисијата за транспорт и врски, без разлика дали тоа беа пратеници од позицијата или опозицијата и затоа очекуваме разбирање од страна на Министерството како предлагач.

Како аргумент плус на ова ќе споменам дека во членот 7 каде што субјектот кој што управува се задолжува особено да обезбедува во делот на алинеите на пример создавање услови за развојот на туризмот во согласност со принципот за одржлив развој. Тоа секако дека локалната власт ќе го прави многу поефикасно и подобро отколку Македонски шуми како јавно претпријатие.

Понатаму обезбедува поттик и поддршка на заштита на спомеников на природата преку подигање на јавната свест, а посебно во воспитно образовниот процес, организира спречување на загадување на водите на Смоласка Река, спречување на било какви регулаторски работи, спречување на вршење на земјени работи и слични работи кои што единствено локалната власт ќе ги реши така како што треба и сигурно дека локалната власт ќе ги реши на подобар начин, отколку било кој друг субјект а не Македонијски Шуми чија што единствена дејност е вршење на сечата и тн. и тн.

Во таа насока бараме разбирање од предлагачот во наредната фаза и даваме поддршка на предлагатот на ова законско решение. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам,

Господине Џелили, повелете имате збор.

**Зиди Џелили:** Во однос на овој Предлог на закон за донесување на Закон за локалиетот Смоларски Водопад да се прогласи за споменик на природата јас го поддржувам од причина што имав прилика во текот на една Комисија каде што се разгледуваше овој предлог да се говори за една ретка природна убавина.

Тоа ме поттикна истовремено и јас да предложам Министерството за животна средина и просторно планирање да изготви Предлог на закон за една друга ретка природна убавина која што се наоѓа во селото Џеновица Гостивар.

Се говори за една пештера која што е многу убава и самото име и е Букороши или убавица што внатре природната убавина е таква. Таа пештера има сталактити и сталагмити, има водопад внатре во пештерата. Значи тоа е една ретка природна убавина и слушајќи го овој предлог и заменикот на министерот за животна средина и просторно планирање ми вети дека и за оваа ретка природна убавина и за другите ретки природни убавини кои што би можеле да придонесат за земјата, нашата држава и овие градови каде што се наоѓаат тие да можат да се прогласат како зони кои ќе можат да бидат посетени од туристи. Заменикот ми вети дека ќе изготват закон и да се надеваме дека набрзо ќе се случи истото. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, сосема накратко да ја искажеме нашата поддршка како пратеничка група за донесување на Предлогот на законот за прогласување на Локалитетот Смоларски Водопад за споменик на природата.

Имавме можност на комисиските расправи да ги кажеме нашите размислувања, што е најдобро и на кој начин најдобро ќе бидат заштитени спомениците на природата и кој треба за нив да се грижи.

На Комисијата за политички систем го искажавме нашиот сомнеж дека Јавното претпријатие Македонски шуми и Подружница шумско стопанство Беласица од Струмица нема да може соодветно да се грижи за овој споменик на природата. Тоа се потврди на собирот на граѓани во село Смолари кој што беше одржан. Таму имаше искажан огромен револт од страна на граѓаните дека потребно е локалната самкоуправа, а не јавното претпријатие Македонски шуми да стопанисува со овој споменик на природата.

Оттаму, ќе ми биде мило доколку пратениците го поддржат или Владата го поддржи амандманот на група пратеници да се префрли одржувањето и грижата за овој споменик на природата на локалната самоуправа, односно на градоначалникот.

ВМРО-ДПМНЕ ќе го гласа овој закон и апелирам до сите пратеници доколку нема поддршка од Владата да го поддржат овој амандман и да се пренесе на локалната самоуправа управувањето во духот на децентрализацијата и волјата на граѓаните. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени други за збор го заклучувам претресот и ги повикувам да влезат во салата пред да гласаме по предлогот на заклучокот.

Молам, службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Сега сме присуттни 62 пратеници.

На Собранието на Република Македонија му се предлага да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за прогласување на локалитетот Смоларски Водопад за споменик на природата.

Ве повикувам да гласаме.

61 пратеник гласале, 61 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, гласале 55, од кои 55 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 7 во воведната реченица, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратениците Лилјана Ивановска, Драган Георгиев, Цветле Јаневска и Соња Лепиткова поднесоа амандмани на член 5 став 1, за менување на член 6, член 7 став 1, член 9 ставови 1 и 2, член 10 став 1 и 2 и член 11 и на член 12, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандман за додавање нов член 12-а по членот 12, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Драган Георгиев, Цветле Јаневска и Соња Лепиткова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Драгољуб Матовски.

Повелете господине Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на членот 6 поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Дрган Горгиев, Цветле Јаневска и Соња Лептикова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Драгољуб Матовски.

Повелете господине Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на членот 7 поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Дрган Горгиев, Цветле Јаневска и Соња Лептикова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Драгољуб Матовски.

Повелете господине Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на членот 9 став 1 и 2 поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Дрган Горгиев, Цветле Јаневска и Соња Лептикова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Драгољуб Матовски.

Повелете господине Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на членот 10 став 1 и 2, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Дрган Горгиев, Цветле Јаневска и Соња Лептикова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Драгољуб Матовски.

Повелете господине Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на членот 11, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Дрган Горгиев, Цветле Јаневска и Соња Лептикова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Драгољуб Матовски.

Повелете господине Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на членот 12 поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Дрган Горгиев, Цветле Јаневска и Соња Лептикова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Драгољуб Матовски.

Повелете господине Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 12-а по членот 12, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за животна средина и просторно планирање, господинот Драгољуб Матовски.

Повелете господине Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Амандманот не се прифаќа.

Образложението е дека финансирањето на заштитните подрачја, во конкретниот случај Споменикот на природа Смоларскиот водопад е регулирано во Глава 7 од Законот за заштита на природата, објавен во "Службен весник на Република Македонија " број 67 од 2004 година, и број 14 од 2006 година. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева, повелете, имате збор.

**Силвана Бонева.** Навистина ќе ни беше мило доколку слушневме дека и овој амандман се прифаќа. Мислам дека воопшто не тежи во законот, иако вели заменик министерот дека е регулирана во Законот за заштита на природата оваа материја, меѓутоа, не тежи да стои и овој член 12-а, со следната содржина: "Заради остварување на заштитата на Споменикот на природата Смоларски водопад, субјект со кој управува врз база на донесениот план за управување и годишните програми, ќе добие соодветни средства од Буџетот на Владата на Република Македонија како и од други извори". Значи да биде предвидена финансиска поддршка и од Буџетот на Република Македонија заради остварување на потребната заштита на Смоларскиот водопад. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Мислам дека Министерството тука требаше да најде сила, затоа што и во расправата на комисиите се кажа во однос на она што беше закон и како што се договоривме, мислам дека апсолутно не е опфатено финансирањето. Тоа стои во Главата 7, но вие предлагате закон и уште 67 вакви закони ќе треба да донесеме каде што сите имаат различни финансиски потреби и средства. Во самиот закон стои дека треба да се одгледува Пх средината, да се вршат проверки на вода, што нема да биде случај со некој друг природен споменик и мислам дека ќе биде добро, односно ќе беше добро доколку денес со ваш амандман токму во овој закон интервениравте во однос на финансирањето. Не ќе беше на одмет да се напише, бидејќи се префрла на единицата на локална самоуправа, единицата на локална самоуправа плус донации, средства, спонзорства и не знам што друго што ќе се продава таму, влезници, билети, но во секој случај за финансискиот дел во целиот закон ништо не е спомнато. Затоа, сега кога ќе го дадете законот на единицата на локалната самоуправа вие сега да се повикувате на Глава 7 од Законот за природни споменици. Ништо не е доколку тука стоеше и финансиската конструкција, како ќе се одржува овој природен споменик.

Мислам дека тоа фали во законот. Говорам по амандманот, не би говорел по текстот на законот и мислам дека тука е основната фалинка. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 19 пратеници гласале за амандманот, еден воздржано и 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓо Ивановска, повелете имате збор.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе.

Накратко ќе се осврнам на текстот, бидејќи не се јавив за збор во општата расправа по овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Ако отворите општа расправа, ќе ве прекинам. Затоа, зборувајте само по текстот.

**Лилјана Ивановска:** Најнапред сакам да го изразам задоволството од прифаќањето на амандманите поднесени од група пратеници, во кои се расправаше за делот на управувањето на природната реткост Смоларски водопади да биде доверена на локалната самоуправа. Сакам да го искажам задоволството со промена на субјектот кој ќе управува со Смоларски водопади, со прифаќањето на амандманите од страна на Министерството тоа да биде локалната самоуправа. Амандманите ги поднесовме се со цел дека локалната самоуправа и досега се грижеше и без овој закон за Смоларските водопади и тие станаа прочуени заради маркетиншкиот пристап што го имаше локалната самоуправа и интересот од локален економски развој. Со законот за децентрализација и во одделението за локален економски развој секако ќе придонесат за развојот на локалниот и селскиот туризам во овој регион. Секако, прашањето на еден од амандманите беше и согласноста на надлежниот орган за вршење на работи од областа на заштита на природата во делот на годишните планови и програми и тука Министерството може, при усвојувањето на тие годишни планови и програми поднесени од локалната самоуправа, да изнајде средства од буџетот за да може да се помагаат тие годишни планови и програми. Секако, во овој закон недостасува делот на финансирањето да биде дефинирано во одреден член, меѓутоа, локалната самоуправа веројатно тоа ќе го прави од сопствени средства врз основа на тие програми и донации и спонзорства. Меѓутоа, локалната самоуправа е подготвена да го преземе овој природен локалитет да го управува на начин на кој што го управуваше досега, меѓутоа, со зголемени надлежности во делот на заштита на природата и идните истражувања на тој локалитет. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 64 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за прогласување на локалитетот Смоларски водопад за Споменик на природата.

Господине Макрадули, процедурално, деловнички, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, во име на пратеничката група на СДСМ барам пауза од 45 минути за да можеме да ги дискутираме и усогласиме амандманите кои се предложени од група пратеници од СДСМ за Законот за основно и средно образование и за поквалитетна и поефикасна работа. Ве молам за пауза од 45 минути.

**Љупчо Јордановски:** Тоа значи дека ќе продолжиме после паузата за ручек во 15,00 часот.

(Пауза од 13,15 часот)

(По паузата)

**Љупчо Јордановски: Продолжуваме со 8 точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на Законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Ги молам пратениците да влезат во Собранието за да гласаме по заклучокот.

Службите нека го утврдат бројот на присутни.

Ги молам пратениците да дојдат во салата, 55 сме на број да почнеме со работа.

Благодарам, сега имаме 61 пратеник.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Го читам заклучокот по кој што треба да се произнесеме. Заклучокот гласи:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 гласале 55 пратеника, 55 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, 47 пратеници гласале, 47 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 7 став 6 и на член 11 во новиот член 97-а став 2 и на став 3 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Славица Грковска поднесе амандмани за додавање нови членови 2-а по членот 2, за додавање нови членови 3-а по членот 3, за додавање нов член 5-а по членот 5, за менување на член 6, член 7 став 3 во првата реченица, член 7 за додавање на 2 нови ставови 4 и 5 по ставот 3, член 7 став 5, член 7 за додавање нов став 8 по ставот 7, член 8 во воведната реченица и за додавање два нови ставови пред ставот 1, член 9 за додавање нов став 2 по ставот 1 и за додавање нов член 12-а по членот 12, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додвање нов член 2-а по членот 2, поднесен од пратеникот Славица Грковска под архивски број 07-832/2.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер за образование и наука.

Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Збор има госпоѓица Грковска. Повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Амандманот што е предложен се однесува на одредба со која што се обврзува основното училиште да биде транспарентно при изборот на агенција која ќе го организира научното или наставното патување, екскурзијата или наставата во природа.

Ова го предложив од причини што во изминатиот период се појавија прилично голем број на незадоволства од страна на родителите за тоа на кој начин се врши изборот на агенција која што ги организира ваквите патувања на учениците и заради спречување на можни малверзации во таа смисла. Најчесто се обвинувани раководствата во училиштата дека изборот на турата или на туристичката агенција која што го организира патувањето не е транспарентен. Со овој амандман сакав да го постигнам токму спротивното. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Госпоѓо Митковска имате збор. Повелете.

**Милка Митковска:** Што се однесува до овој амандман јас лично не го пдоржувам, бидејќи доаѓам од образованието. Оваа материја на ученичките екскурзии, пред се, се уредува во годишните програми на училиштата и нема потреба од законско уредување. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Грковска, имате реплика.

**Славица Грковска:** Добро, можеби е некој лично засегнат, затоа што во минатото имал прилика да практикува вакви активности, меѓутоа сите оние кои што се свесни дека постојат вакви пропусти во одредени училишта, мислам дека ќе треба да го подржат амандманот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Заменик министерот за образование и наука, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Да појаснам за јавноста, бидејќи почитуваната пратеничка Митковска искажа некои констатации, ова е уредено со Закон за јавни набавки. Од тие причини доаѓа до одредена колизија со овие предлози.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за збор.

Убаво е што се појаснуваме, но сега ни треба кворум.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да видиеме колку сме. Во моментов сме присутни 57 пратеници. Десетте минути за кворум течат.

Колку може да биде важен и еден пратеник.

Ги молам пратениците да седнат на своите места, сега сме 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника гласале 56 и тоа 4 за амандманот, 3 воздржани и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2, поднесен од пратеникот Славица Грковска под архивски број 07832/13.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот се одбива, бидејќи оваа материја е регулирана во статутите на училиштата.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Јас го предложив амандманот како реакција на одредени состојби во училиштата каде на дел од уениците заради вонучилишни активности некои наставници не им го признаваат таквто отсуство и незнаејќи дека статутите на училиштата го регулираат тоа, сметајќи дека законската обврска ќе биде построга и пообврзувачка и за оние наставници кои сметаат дека тоа не треба да биде така, сметав дека тоа треба да се регулира во закон.

Меѓутоа, штом е таков случајот претпоставувам дека и пратениците немаат ваква аргументација да го прифатат амандманот, амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е овој амандман 07832/13? Тој го повлекувате?

Бидејќи јас успеав да рипнам еден кога го вртев листот тој е низ 13, а не низ 4. Третиот на листата. Сега го дискутираме третиот, јас по моја грешка два листа свртев, го читав третиот. Значи, врз 13. Вие го повлекувате врз 4.

**Славица Грковска:** Претседателе, вие прочитавте број 4, тогаш...

**Љупчо Јордановски:** Не, не, госпоѓице, сега бев предупреден од заменик генералниот секретар кога го вртев листот, слушајте што читам, јас одев на следниот амандман, два листа свртев и прочитав врз 13. Бев предупреден дека еден амандман сум рипнал и затоа дискутирате за 4, а не за 13 како што прочитав.

**Славица Грковска:** Дискутирав за 4.

**Љупчо Јордановски:** Сега вака, ќе го прочитам тоа и ќе важи вашата дискусија, за да имаме стенографски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2, поднесен од пратеникот Славица Грковска под архивски рој 07832/4.

Претставникот на Владата не се изјасни.

Овој амандман е одбиен што мислевте претходно дека е врз 4.

**Тале Герамитчиоски:** Да.

**Љупчо Јордановски:** Дискусијата важи, значи овој амандман е повлечен.

Сега повторно ќе прочитам, претходното читање избришете го од стенограмот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 2-а по членот 2, поднесен од пратеникот Славица Грковска под архивски број 07832/13. Јас се извинувам уште еднаш.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот се одбива, бидејќи ова е задача на Центарот за социјални грижи и не е предмет на активности во училиштето.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е одбиен. Амандманот со архивски број 07832/13 е одбиен.

Повелете госпоѓице Грковска, уште еднаш извинете.

**Славица Грковска:** Јас го поднесов амандманот не со цел да дадам обврска на училиштата да работат нешто што е нечија друга работа, туку напротив да се зајакне соработката помеѓу основното училиште и помеѓу Центарот за социјални работи, имајќи во предвид какви се проблеми од социјален карактер има кај учениците со цел отстранување на причините кои доведуваат до ваква појава да биде многу поефикасно.

Ќе се согласите дека вработените во основното училиште се први кои можат да примат некаква промена кај учениците, дали станува збор за социјален проблем или за проблем од некаков друг карактер и затоа сметав дека на ваков начин би требало, во суштина, законски да се обврзе училиштето на соработка со Центарот за социјални работи за поефикасно, повторно ќе повторам, за поефикасно отстранување на причините кои доведуваат до ваква појава во училиштата.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, нема пријавени за збор по амандманот.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен гласале 53 од кои 3 за, 1 воздржан, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а по членот 3, поднесен од пратеникот Славица Грковска под архивски број 07832/14.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот се одбива, бидејќи е спротивен на Законот за работни односи во кој правото на скратување на работен однос може да се случи доколку има правосилност на пресуда.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е одбиен.

Повелете госпоѓице Грковска имате збор.

**Славица Грковска:** Јас имам малку дилема околу аргументацијата на заменикот затоа што амандманот гласи: Вработен во основно училиште не може да биде личност која е правосилно осудена за кривични дела од обласа на слободата на половото изразување. силување, кршење на семејни односи, семејно насилство, напуштање и злоупотреба на дете или малолетник или сродни кривични дела.

Наставниците и стручните соработници се должни да преземат мерки за заштита на правата на детето односно при секое кршење на тие права, посебно при било кој облик на телесно или психичко насилство, полова злоупотреба, запоставување или неодговорно постапување, злосторство или навреда врз ученикот, веднаш да ги пријават во Центарот за социјални работи или во друг надлежен орган.

Значи, исто како што имаме на пример посебни услови за вработување на кадри во полицијата, со овој амандман во суштина сакам да го уредам, бидејќи е вклопен во Законот за основно образование во делот за наставници веднаш после членот кој уредува кој може да биде наставник согласно со Законот за основно образование каде во една алинеја стои дека треба да биде неосудуван со правосилна судска одлука, пресуда за кривични дела против достоинството и моралот. Сметав дека таа алинеја треба да се стави во посебен член и тоа не е ништо во спротивност со Законот, туку напротив, со Законот за работни односи зборуваме категорија на граѓани која по менталниот склоп не би смеела да биде во воспитно образовниот процес.

Не можеме да кажеме за некој што има правосилна осуда за кривично дело-семејно

насилство или силување или педофилија дека може да биде профил на кадар кој може да биде вработен во основното образование.

Ова е само практично дообјаснување на алинејата на членот 67 и ставање нов член 67-а во кој се допрецизирани овие критериуми.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, во поддршка кон овој амандман мислам дека интенцијата на предлагачот е сосема исправна и дека Министерството за образование и наука ќе треба да најде начин како да го вгради сето ова затоа што сите сме сведоци што се случува во последно време, но оваа интенција мислам дека е во насока колку се може, барем оние што се правосилно осудени за вакви кривични дела едноставно да не го добијат статусот на наставници и на тој начин да бидеме заштитени од овие афери кои секојдневно ги слушаме по нашите информативни гласила.

Затоа јас ја давам поддршката на амандманот на госпоѓицата Грковска.

**Љупчо Јордановски:** Господине Герамитчиоски имате да додадете нешто? Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Претседателе, сметав дека не треба да се влегува во широки дискусии на образложението, но очигледно дека некогаш е тоа потребно. Значи, се носи правосилна пресуда, но и во пресудата судот пресудува дали тој треба да има забрана за вршење на дејност во образованието. Треба да биде составен дел на пресудата. Ние имавме еден ваков предлог во претходните измени и дополнувања на законите, па Уставниот суд ни го укина.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓице Грковска имате реплика или збор? Збор.

**Славица Грковска:** Да, прво станува збор за две работи.

Прво, судот не мора секогаш да изрече ваква мерка на вршење на забрана на дејност,

Второ, може да зборуваме за лица кои во моментот на изрекување на правосилната пресуда воопшто не биле вработени во образовен процес.

Значи, зборуваме за лица кои се правосилно осудени и кои можеби некогаш после тоа би изразиле желба да бидат вработени во образовниот процес. Тоа се профил на лица кои не можат да бидат во образовен процес. Во таква ситуација судот не бил во позиција да изрече забрана за вршење на дејност, а дефакто тоа се луѓе што не би смеело никако да бидат дел од наставата и да имаат било какво влијание врз учениците.

Што би можеле да научат учениците од човек што вршел семејно насилство или силување? Таков човек воопшто не треба да има пристап во образовни институции.

Затоа апелирам да се прифати овој амандман токму заради оваа аргументација што ја кажав. Во моментот судот можеби нема потреба да изрече правосилна пресуда-забрана за вршење на дејност заради тоа што лицето не е вработено во образовниот процес.

Предлагам да оставиме на други институции одкако ќе го прифатиме амандманот, да утврдат дали е во спротивност со Уставот или не.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Службите нека го утврдат бројот на присутните, премногу пратеници влегуваа и излегуваа.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Ги молам пратениците да влезат во салата, присутни се 58 пратеника.

Кворумот од 10 минути тече.

Благодарам. Сега се 61 присутен пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник гласале 54 од кои 4 за амандманот, 2 воздржани, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а по членот 3, поднесен од пратеникот Славица Грковска под архивски број 07832/3.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа од слични причини кои беа објаснети порано, се коси со одредбите на Законот за работни односи додека се води постапка и додека не заврши постапката не е возможно однапред да се даде квалификација дали е виновен или не е виновен во процесот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓице Грковска имате збор.

**Славица Грковска:** За овој амандман веќе би можела да се согласам дека може да биде во спротивност со Законот за работни односи, меѓутоа, еве нека биде јасно и за јавноста, бидејќи во вакви случаи реакциите одат на конто на директорите на училиштата кои се обвинуваат дека не сакаат да преземат активности во смисла на суспендирање на наставници кои извршиле телесно или физичко малтретирање на учениците сметајќи дека директорите на училиштата се тие кои ја земат страната на наставникот на сметка на објективната ситуација.

Само за јавноста тоа е во надлежност на сосема друга институција и од тие причини го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Андов имате збор.

**Стојан Андов:** Господине претседателе, почитувани пратеници, некако ми е јасен мотивот на предлагачот зошто прави ваков амандман и

што сака да постигне. Меѓутоа, решението што го предлага е невозможно. Всушност казните треба да бидат изречени од суд и тоа треба да влезе во нашиот Кривичен законик како казна која може судот да ја изрече. Ако тоа не е, кој ќе процени сега дали и колку е опасен и т.н. Тоа само судот го кажува до кога е опасен и дали е опасен, или не е опасен. Инаку, не е возможно со Законот за основно образование ние да пропишуваме казни. За тоа не е местото овде. Затоа не можеме да гласаме за овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријавени за дискусија и претрес.

Го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници, 39 гласале, 1 воздржан, 1 за, и 37 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 5-а по членот 5, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование и наука, господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи се коси со одредбите од Законот за работни односи, од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, од Законот за здравствена заштита.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 6 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа. Во еден дел е прифатлив, но бидејќи во целина се гледа, не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Овој амандман се однесува на тоа на конкурсот за учебници, со оглед на тоа што во предлогот од Министерството за образование и наука се проширува можноста на оние кои што можат да конкурираат на конкурсот за ракопис за учебник, со оваа измена на конкурсот можат покрај издавачите да учествуваат и авторите на учебниците. Меѓутоа, јас сметав дека треба да се допрецизира, конкурсот да биде јавен и отворен, затоа што истата таа интенција беше и на Министерството за образование и наука во препораките кои што ми ги доставија мене на мојот закон за учебници во основното и средното образование, исто така сметам дека треба да има и строги рокови, со оглед на тоа што сме свесни дека изминатите години прилично се нарушени роковите за избор и за времетраење на конкурсот за ракопис за учебници, како и строги рокови во кои што процедурата би се завршила. Исто така се предвидува за учебниците по светските јазици да се повикуваат воглавно во цените законски застапници, а на отворањата на ракописите да бидат повикани сите претходно информирани кои што веќе конкурирале на конкурсот.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници, 57 гласале, 6 за амандманот, нема воздржани, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 3 во првата реченица, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за додавање два нови става 4 и 5 по ставот 3, поднесен од пратеникот Славица Грковска под архивски број 07832/7.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за додавање два нови става 4 и 5 по ставот 3, поднесен од пратеникот Славица Грковска под архивски број 07832/8.

Го молам претставникот на Владата да се прознесе.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи во претходни други членови е дефинирано кој може да биде учесник во конкурсот, односно член на рецензенска комисија.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Не е спорно дека во други членови се утврдува кој може да биде член во рецензиона комисија. Меѓутоа, дозволете дека можат да се случат пропусти и член на рецензиона комисија да биде човек кој што има конфликт на интереси, или пак од одредени други причини не би требало да биде член на рецензионата комисија. Затоа учесникот на конкурсот со овој амандман се предвидува во рок од 8 дена од денот на именувањето на членовите

на рецензионата комисија да можат писмено да поднесат барање до министерот за изземање член од рецензионата комисија кое што ќе биде писмено образложено. И доколку има сериозни обвинувања кои што можат да влијаат на регуларноста на постапката на изборот за ракопис за учебник, тогаш министерот сепак може да одлучи по барањето да ги уважи таквите аргументи и да го смени членот на комисијата. Значи, ова не е одредба во смисла на тоа кој може да биде и кој го предлага, туку доколку учесниците на конкурсот имаат некаква реакција и забелешка која што ќе биде сериозно образложена во писмена форма, министерот да може да одлучи во однос на тоа барање и доколку процени дека може да има влијание на регуларноста на процедурата да го измени тој член. Затоа апелирам пратениците да го прифатат овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, 58 гласале, 6 за, 1 воздржан, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 5 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и е составен дел од предлогот на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за додавање нов став 8 по ставот 7, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Тале Герамитчиоски:** Овој амандман не се прифаќа бидејќи овие одредби се ставаат во договорот кој што како облигационо право се склучува помеѓу двете страни.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор Славица Грковска.

**Славица Грковска:** За да нема дилеми, јас ќе го прочитам амандманот. Учесникот на конкурсот во рок од 6 месеци по приемот на решението за одобрување на учебник е за употреба е должен истиот од македонски јазик да го преведе и издаде на јазиците на припадниците на заедниците кои истиот ќе го користат. Во спротивно се повлекува решението за употреба на учебникот. Значи, овој амандман го предложив заради тоа што досега се соочуваме со реални проблеми од недостаток на учебници на јазиците на припадниците на заедниците на кои што се изведува наставата. И покрај тоа што издавачите имаат обврска да ги преведат учебниците, дел од нив не го направија тоа. И реално се соочуваме со ситуација во која што уставно сме загарантирале право на образование на мајчин јазик а од друга страна во договорите кои што се потпишувале досега со издавачите, од дел од нив не се почитувала оваа обврска. Значи, реално се соочуваме со проблем со учебниците на јазиците на припадниците на заедниците.

Мислам дека треба ова да се уреди законски, затоа што доколку оставиме да се уреди во договорот помеѓу Министерството и издавачите, тогаш станува збор, да речеме, за добра волја на актуелниот состав на Министерството, на актуелниот министер. И сега ако овој министер, на пример има добра волја тоа да го стави во договорот, можеби некој иден министер нема да има сенс за потребата од ваква одредба во договорот со учесниците на конкурсот и можеби воопшто да не го стави тоа. И ние практички нема да имаме решение за овој голем проблем. Затоа апелирам овој амандман да се усвои.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници, 56 гласале, 7 за, 1 воздржан, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 во воведната реченица и за додавање два нови става и пред ставот 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од предлогот на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Тале Герамитчиоски:** Овој амандман не се прифаќа бидејќи е во колизија со динамиката, односно постапката на издавање е регулирана во друг член. Имено, училиштата се обврзани до јуни месец да го истакнат списокот на одобрени учебници. А вие овде предлагате до август месец да се дистрибуираат учебниците. Значи, едно со друго се исклучува.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Изгледа се работи за недоразбирање. Во амандманот се предвидува обезбедувањето на достапноста на учебникот во книжарските мрежи да заврши најдоцна еден месец пред почетокот на учебната година. Значи, да заврши најдоцна до 1 август секоја година. Во

тој случај ако до крајот на јуни родителите знаат кои учебници ќе се употребуваат до 1 август да имаат можност веќе да ги купат. Значи, не станува збор за она што вие го тврдевте.

**Тале Герамитчиоски:** Во став 2 од Законот во кој што е нелогично најнапред да се истакнат учебниците кои што се дозволени, значи тие мора да постојат и да се дистрибуирани, потоа предлага до август месец да се дистрибуираат во мрежата. Значи, ние со тој член 8 став 2 претходно имаме дефинирано дека до јуни месец треба да бидат достапни.

**Славица Грковска:** Го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 12-а по членот 12, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи испод 15 години не можат да бидат ставени во позиција на одлучување. Значи, се коси и со законот, акциониот план за заштита на децата и со другите закони.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Течат 10-те минути за кворум.

(Пратеници влегуваат во салата)

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Пратениците нека седнат на своите места. Сега сме 61 пратеник присутни.

Молам, седнете на своите места. Попатните ваши разговори можете да ги обавите подоцна.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 57 гласале, 53 за, нема воздржан, 4 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот, со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака?

(Пратеници креваат рака)

16 пратеници кренаа рака.

Дали има некој против?

Еден пратеник е против.

Дали има воздржани?

Нема воздржани.

Констатирам дека од 17 присутни, 16 гласале за, 1 против, нема воздржани.

Со тоа, констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот на основното образование.

**Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

И за овој закон важи точката 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија, веќе го научивме да не читам понатаму. Се гласа согласно точката 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование.

Ве повикувам да гласаме.

63 пратеници се присутни, 57 гласале, 56 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве повикувам да гласаме.

63 присутни пратеници, 58 гласале, 57 за, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 4 став 1 во воведната реченица, член 8 став 2, член 9 за менување на став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2 и на член 11, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Славица Грковска поднесе амандмани за додавање нов член 1-а по членот 1, за менување на член 3, член 4 став 3 во првата реченица, член 4 за додавање два нови става 4 и 5 по ставот 3, член 4 став 5, член 4 за додавање нов став 8 по ставот 7, член 5 во воведната реченица и за додавање два нови ставови пред ставот 1, член 6 за додавање нов став 2 по ставот 1, за додавање нови членови 7-а по членот 7, член 8 за додавање нови членови 8-а по членот 8 и за додавање нов член 9-а по членот 9, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Тале Герамитчиоски.

Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓице Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Само за појаснување, јас амандманите нема да ги образложувам заради тоа што тоа се истите амандмани што беа предлагани и на Законот за основното образование, затоа овој амандман го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Тале Герамитчиоски.

Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓице Грковска, имате збор.

**Славица Грковска:** Амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 3 во првата реченица, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Тале Герамитчиоски.

Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање два нови става, ставовите 4 и 5 по ставот 3, поднесен од пратеникот Славица Грковска, под архивски број 07-833/6.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Тале Герамитчиоски.

Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓице Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање два нови ставови 4 и 5 по ставот 3, поднесен од пратеникот Славица Грковска под архивски број 07-833/7.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Тале Герамитчиоски.

Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен станува составен дел на Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 5, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Тале Герамитчиоски.

Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен станува составен дел на Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање нов став 8 по ставот 7, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Тале Герамитчиоски.

Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓице Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 5 во воведната реченица и за додавање два нови ставови пред ставот 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Тале Герамитчиоски.

Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен станува составен дел на Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Повелете господине Герамитчиоски, изјаснете се.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓице Грковска, имате збор.

**Славица Грковска:** Амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7-а по членот 7, поднесен од пратеникот Славица Грковска под архивски број 07-833/12.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот Тале Герамитчиоски.

Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓице Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7-а по членот 7, поднесен од пратеникот Славица Грковска под архивски број 07-833/15.

Господине Герамитчиоски повете, изјаснете се.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓице Грковска, имате збор.

**Славица Грковска:** Амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 8-а по членот 8, поднесен од пратеникот Славица Грковска под архивски број 07-833/10.

Има збор заменикот министер, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓице Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 8-а по членот 8, поднесен од пратеникот Славица Грковска под архивски број 07-833/11.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓице Грковска, имате збор.

**Славица Грковска:** Морам само да прокоментирам дека, можеби од сите амандмани што не се прифатени, за овој најмногу чувствувам грижа што не е прифатен, затоа што сепак, пак морам да појаснам дека станува збор за појаснување во делот за наставници од Законот за основно и средно образование, кој не може да биде наставник и практично појаснување на една алинеја од веќе постојниот Закон. Меѓутоа, се предлага нов член во кој што подетално е разработено тоа прашање.

Имајќи предвид дека истиот член, истиот амандман не ја доби поддршката од пратениците во Законот за основно образование овој амандман го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 9-а по членот 9, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Господине Герамитчиоски повелете, изјаснете се како претставник на Владата.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓице Грковска, имате збор.

**Славица Грковска:** Амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Мислам дека и за претходната точка, за основното образование, без потреба избрзавте, затоа што забелешките, еве ќе ги кажеме и за средното училиште, мислам дека заменикот министер требаше да ги слушне овие забелешки што доаѓаат од пратениците.

(Некои пратеници стануваат и излегуваат од салата)

Мислам дека атмосферата не е многу ...

**Љупчо Јордановски:** Причекајте господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Ќе причекам.

**Љупчо Јордановски:** Господо пратеници молам одлучете се дали сте за внатре или сте за надвор. На две столчиња не се седи никогаш. Тоа е старо народно искуство.

Благодарам, сега тие кои сакаат да слушаат се внатре. Ве молам да бидеме потивки.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Мислам дека пред нас имаме два сериозни закони, за кои што одговорноста ќе биде токму кај нас, пратениците. После ова и носењето на овие закони, кај мене остана една дилема, дали со донесувањето на овие закони го најдовме правото решение и како понатаму да го развиваме школството, како основното, така и средното образование.

Се јавуваат повеќе дилеми во однос на текстот, бидејќи денеска го разгледуваме во една фаза, а ова е крајна и завршна фаза за која што требаше да проговориме. Јас мислам дека ја пропуштивме можноста за основното образование да говориме. Госпоѓицата Грковска со своите амандмани мислам дека Владата и заменикот министер, со неколкуте амандмани, каде што Владата требаше да има можеби малку повеќе слух и со доработка на тие амандмани да станат составен дел на законот, затоа што еве, во контекст на подобрување и на текстот и на она што е суштински, што се менува во законот.

Јас би имал тука неколку забелешки, пред се, првата забелешка во самиот закон, како што можеме да видиме, во членот 1 дека Законот за средното образование до сега има доживеано многу измени. 1995, 1996 два пати, 1997, 1999, 2002, 2003, 2004 и 2005 повторно два пати мислам дека е ред Министерството за образование да издаде пречистен текст со сите овие измени бидејќи цело време говориме само за нови измени и дополнувања и тие стануваат составни делови на овој закон. Но, за жал ние ја немаме правата ситуација и секогаш говориме за неколку члена од овој закон.

Моите дилеми и она што мислам дека треба да се разјасни а не е разјаснето во овој текст на законот, би почнал со членот 5, став 3:

"На вработените во средните училишта и на други лица им се забранува продажбата на учебници и друга литература во јавните средни училишта", тоа истото важи и за основните училишта. Е сега "и други лица" е многу широк термин. Ова други лица значи или никo не смее да продава учебници во основното и средното образование, или вака како што стои "или други лица" за мене не е јасно. Дали тоа значи дека трговски друштва можат, а лицата не можат? Физички лица, правни лица, не е дефинирано. Вака, како што стои, апсолутно дава една широка лепеза и на злоупотреби и на употреби во насоки што не сакаме да ги примениме.

Другата забелешка, во делот што се однесува на професионалното усовршување, членот 8, на образовниот кадар, има дилема за компетентноста на трговските друштва да вршат обука. Мислам дека потребата од дополнување на условите што треба да ги исполнат овие установи и обучувачи за професионалното усовршување, со тоа што ќе бидат докажани во реализацијата на обуката, мислам дека тука треба да се најде посоодветно законско решение со кое што ќе се предвиди некој орган за обука или, ајде да не кажуваме за академии, затоа што многу академии ќе се соберат. Но, во секој случај, овие трговски друштва може да бидат манипулирани со луѓе кои се сега во образовниот процес, повторно да работат во овие друштва, да бидат ангажирани и да можат, врз основа на таа акредитација да ги образуваат кадрите. Тука секогаш ќе се јави проблем, затоа што во нашиот образовен процес мораме да најдеме ситуација, дека ако говориме за учениците, образовнот кадар е тој кој треба утре да го заштитиме и да најдеме многу подобри решенија.

Во оваа ситуација, мислам дека уште во стартот ќе имаме проблеми, затоа што такви акредитивни установи немаме и ќе имаме доста проблеми додека се формираат, додека имаат обучен кадар и додека почнат да функционираат. Мислам дека државата требаше да си даде некој преоден период во кој што ќе може да ги организира овие наставни работи со кои што образованието ќе оди напред.

Членот 12, мислам дека тука апсолутно немаме решение и покрај тоа што во него има неколку става, апсолутно со него не се решава ништо.

За што се работи, во интерес на јавноста и во интерес на колегите пратеници, ќе се обидам да објаснам зошто го гледам ова вака.

Би почнал со ставот 1 "Доколку Државниот просветен инспекторат оцени дека во училиштето битно е нарушен воспитно-образовниот процес, врши вонредна интегрална евалуација и го задолжува училиштето причините за нарушувањето да ги отстрани во рок од една година од денот на добивањето на извештајот за извршената интегрална евалуација". И, ова е добро.

Доколку причините за нарушување на училиштето не ги отстрани во рок од една година од денот на добивањето на извештајот од став 1 на овој член, во училиштето се врши екстерно проверување на напредокот и постигнување на учениците. Понатаму се јавуваат проблемите. Доколку по извршеното екстерно проверување и оценување од став 2 на овој член, се утврди дека знаењето на учениците е под образовните стандарди, Државниот просветен инспекторат на основачот на основното училиште му предлага разрешување на сите членови на училишниот одбор. Што

господа, од Министерството за образование ќе постигнеме кога ќе го распуштиме училишниот одбор. Не се работи за управен одбор кој што ги има тие ингеренции да раковови со училиштето, туку се работи за еден училишен одбор, кој на овој начин во нашите закони како што е формиран, се луѓе волонтери назначени од локална самоуправа, и незнам каде, луѓе кои што незнам колку се моќни и колку можат да бидат одговорни за ова што вие со евалуација ќе утврдите дека има проблеми во училиштето и дека е виновен училишниот одбор. Ќе го смениме цел училишен одбор, ќе ги назначите сите членови вие за 6 месеци и што ќе се случи после тоа. Училишниот одбор ќе донесе нова програма, ќе најде нов начин како понатаму би се одвивале работите. Апсолутно не е решение со ова што вие го нудите, и покрај тоа што реков дека има седум ставови и за мене уште во ставовите 6 и 7 велите барање за вонредна интегрална евалуација и екстерно проверување и оценување на напредокот и постигнувањето на учениците во Државниот просветен инспекторат, можат да поднесат: Советото на општината, односно Совет на град Скопје, градоначалникот или Советот на родителите. И ова е во ред, но имате во став 7, кажувате, трошоците за екстерното проверување и оценување на напредокот и постигнувањето на учениците, се на товар на нарачувачот на истите. Значи, се на товар на Советот на родителите. Сега, Советот на родителите ако го имате предвидено за некое тело кое финансиски опстојува во основното и средното образование, мислам дека имаме генерално проблем. Никој нема да побара таква екстерна евалуација, или проверување, или пак, ова за да се плати, овде ќе имате проблеми и како Министерство за образование и како реализација на оваа програма. Затоа, мислам дека не е во ред. Исто и членот 13, кој што е скоро ист со законите што се за основното образование, во однос на она што значи единица за локална самоуправа. Ние од една страна го даваме правото на управување и на основните училишта, и на средните училишта на единиците на локалната самоуправа.

Од друга страна, имаме ситуација дека министерот, доколку градоначалникот не го направи тоа во рок од 30 дена. Во рок од 30 дена извршно решение не можете ни преку суд да направите, дали тоа ќе успее да го направи градоначалникот, не знам и кажуваме дека доколку градоначалникот не го разреши директорот, а основачот училишниот одбор, тогаш Министерството го разрешува и директорот и членовите на училишниот одбор и назначува нови. Значи, се врши упад и во училишниот одбор и во замена на директорот и доаѓаме единицата за локална самоуправа, од она што значи владеење, апсолутно, да не може да владее. Значи, овие се моите генерални забелешки и мислам дека требаше да се има малку повеќе слух да оди во две фази и во разговор со пратениците и забелешките што ги имаат да добиеме еден текст во кој што со амандмани денеска ќе интервенираме и дел од забелешките на пратениците ќе беа прифатени. Мислам дека моите забелешки ќе ги имате предвид и мислам дека многу брзо ќе се видат проблемите од донесувањето на ваквиот закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Герамитчиоски барате реплика или збор. Збор барате.

Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван претседателе, констатациите од почиутваниот пратеник Мавровски не држат, бидејќи овие измени на членовите потекнуваат од проблемите кои што потекнуваат од реалните фактички проблеми кои се одвиваат при изведување на воспитно образовниот процес во училиштата.

Ние сме предвиделе во законот дека училишниот одбор е највисокото тело на управувањето во училиштето. Значи, за разлика од порано, со новите измени на законите, после започнување на процесот на децентрализација, целокупното управување на училиштето и одговорност за одвивање правилно на воспитно образовниот процес во училиштето, се дава на училишниот одбор. Што значи, дека овие констатации во делот на екстерната евалуација доколку се оцени дека е потребно напор од редовната екстермна евалуација на воспитно образовниот процес, одборот на родителите, или училишниот одбор ако побараат друг вонреден процес на екстермна евалуација, тоа си оди на сметка на трошок на родителите, односно на учениците. Тоа што беше сугерирано за акредитираните институции кои што ќе ја вршат одлуката, таа одредба важи од 01.јануари 2007 година во преодните одредби, а јас ве уверувам дека постојат такви професионални институции во Република Македонија, кои што брзо време ќе се прилагодат на потребите на овој процес.

За членот 13, во кои што е дефинирано зошто Министерството привидно му ја зема улогата на училишниот одбор, односно врши упад, тоа не е точно, бидејќи Министерството врши надзор на работењето на училиштето, односно училишниот одбор. Ние имаме реални случаи во пракса, во кои што училишниот одбор сеуште ја нема сфатено сериозноста на задачата која што му е доверена и отстапува од ингеренциите, односно законските решенија кои што му се дадени со закон. Не постапува по нив.

Се поставува прашањето, ако не постапува по нив, и ако градоначалникот на кој што му е дадено законско право, во рок од месец дена да постапи како оснивач, тогаш и градоначалникот не постапува, тогаш едноставно, Министерството мора соодветно на надзорот кој што го врши да постапи во интерес на учениците, односно во интерес на правилно воспоставување на воспитно образовниот процес во училиштето. Затоа се овие измени во овие одредби.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски имате реплика три минути.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседател, почитуван заменик министер вие

кажувате дека се е во ред и дека го поставуваме училишниот одбор како највисок орган.

Ние му даваме задолжение на училишниот одбор да донесува статут, да предлага годишна програма, да предлага годишен финансиски план основачот, да предлага завршна сметка, јавен оглас за именување директор, да врши интервју со кандидатите и сите овие работи.

Сега, ако стигнуваме до еден училишен одбор, за кој кажавме и порано сите тие луѓе се волонтери. Значи, доаѓаме она што е одговорност во процесот на образование, сепак најважни се наставниците и учениците. Или обратно прво учениците, па наставниците. Сега ние ако цела вина од Министерството на префрлиме на училишниот одбор и вие го променивте училишниот одбор, што ќе се случи тогаш. Ќе добиеме нов училишен одбор, со нова програма, со нови задачи. Што ќе се случи со тоа што, мислам дека училишниот одбор не е виновникот, што вие после извршената евалуација, или проверка ќе добиете резултати дека не се соодветни на процесот кој што го обавувате во училиштето. Не знам дали се разбираме, јас мислам дека сум јасен и дека прифаќам дека училишниот одбор е највисок орган. Но, што Министерстото ќе предложи после тоа, процесто да оди како што треба. Исти се наставниците, вие немате интервенција директорот да го промените и училишниот одбор имате да го проверите, како што кажувате не им се мешате во ингеренциите и покрај тоа што мислам дека се мешате во ингеренциите, затоа што еднаш ако и давате на локалната самоуправа да води сметка за училиштето и после контролата вие го правите ова и со тоа што ќе го промените училишниот одбор и како што рековте, директорот, ние ќе добиеме нов систем. Не добиваме ништо. Сега мораме да најдеме начин да се најдат грешките и ова што го предлагаше госпоѓица Грковска само во еден дел од санкциите, ние треба да најдеме и начин, кој од тие професори, вие кажувате во здравствено осигурување, не знам каде влегува во кој закон, но јас мислам дека веќе треба и редовна контрола на оние наставници кои што се во процесот, да бидат и испитувани и од друга страна, да имаат и здравствени прегледи. Се работи за работа со деца, сите сме луѓе фала Богу, ако не на пет години, треба да се врши контрола врз сите тие луѓе кои што се влкучени во образовниот процес, затоа што таму ги пуштаме нашите деца и очекуваме нешто ново.

Се надевам дека вашиот предлог на закон е во контекст на тоа. Јас знам ни треба доста време, тој училишен одбор да сфати што е. Но кажувам во овој момент, вие носите закон, кој што ќе важи после 8 дена. Не знам зошто е брзањето.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, поминаа трите минути.

Имате една минута господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Има надлежности дефинирани во законот, високи надлежности, меѓу другото и да поведе постапка за разрешување на директорот, кој што како орган е должен да ги спроведува одлуките и да ја следи наставата и воспитно образовниот процес, да интервенира. Значи, училишниот одбор ако затаи во делот на своите ингеренции тогаш би требало да ги сноси своите одговорности, односно последиците. Не е професионален орган, но тоа е исто со секој управен одбор во секое јавно претпријатие, каде што членуваат непрофесионслци, а ги имаат истите улоги и задачи, за носење на статут, за потврдување на завршна сметка итн. Значи, ова функционира кај поголем дел на поразвиени земји во Европската унија.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Митковска имате реплика, или збор. Реплика. Имате три минути реплика.

**Милка Митковска:** Заменик министерот за образование, почитуваниот господин, се изјасни дека училишниот одбор, како највисок орган на управување, дека ги има сите ингеренции за да управува со едно училиште. Се согласувам со тоа дека училишнот одбор има во суштина ингеренции, меѓутоа, нема способност да управува. Зошто и од кои причини?

Причните се токму во проблемот, што во училишните одбори најчесто дел од членовите што ни се диригирани од локалната самоуправа, како и членовите диригирани од родителите, никогаш не соодвествуваат со образованието. Може да ви се случи да бидат членови со осмо одделение. Објаснете ми тогаш на кој начин еден осмоодделенец ќе може да води грижа за управувањето со едно училиште, да донесува програми, да спроведува програми, да поведува постапки.

Предлагам, во делот на законската обврска да има обука на членовите на управнот одбор и во исто време, членовите на управните одбори, да не бидат барем помалку од више образование.

Во тој случај, ќе можеме барем некако да работиме и да наоѓаме заеднички јазик и заеднички решенија. Во друг случај, ние немаме воопшто допирни точки со разбирањето за управување на училиште и раководење на училиште.

Исто така, потребна е и обука на членови на Советот на родителите, заради тоа што и родителите не си ги знаат доволно своите обврски и своите должности во Советот на родители. Тие се наведени летимично, без поголемо образложение, што значи дека треба јасно да се дефинираат и да има обука со тие членови, за да може функцијата да си ја вршат онака како што треба да ја вршат, за да може успешно да работи едно училиште.

Покрај тоа, најпрвин се вели дека за неуспешно работење, или прекршување на одредени права при работењето на училиштето, одговара училишниот одбор. Училишниот одбор да.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Митковска. Јас една работа можам да забележам. Малку сум изненаден. Јас ве прашав дали имате

збор или реплика. Вие рековте реплика, а водевте расправа. А пред вас има пријавено ваши колешки и колеги. Ова е сериозна забелешка од моја страна. Вие не реплициравте, вие водевте расправа.

Госпоѓо Којзеклиска имате реплика?

Повелете реплицирајте на тоа што е кажано од заменик министерот.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе, значи тоа е членот 13, на кој се додава нов член 93-г. Кога ќе прецизираме, точно да прецизираме на што се однесува репликата.

Колегата Спиро Мавровски го мотивира заменик министерот Тале Герамитчиоски во делот на управниот одбор и надлежностите на Министерството по право на надзор, доколку градоначалникот не го разреши директорот.

Мене колку што ме држи меморијата минатата година го менуваме законот за Државниот просветен инспекторат. На кој му наредивме илјадници надлежности на тој Државен инспекторат. Се вклучи и градоначалникот и локалната самоуправа. Причина за измени и дополнувања на тој закон беше токму децентрализацијата на власта. Сега, после една година, ние велиме чекај, има судир на надлежности, или проблеми во функционирањето, па градоначалникот може да се случи да не го разреши директорот. И Министерството согласно она што го кажа заменик министерот, по правото на надзор треба да ја разреши таа спорна ситуација, или доколку затаи, како што вели, училишниот одбор. Ние бараме да се намалат дискреционите права на Министерството и на сите министри.

Со Законот за основно образование кој предходно помина и со Законот за средно образование ние му ја даваме или ги концентрираме надлежностите, голем дел од надлежностите на министерот за образование. Јас разбирам, дека имаат право на надзор, меѓутоа, имаме Државен просветен инспекторат. Во тоа Министерство има други органи кои се во состав на тоа Министерство. Кои исто така треба да ја следат работата. Не смее да се дозволи Државниот просветен инспекторат, дури по утврдување на потешки повреди, значи, кога ќе дојде "нож до коска", тогаш Државниот просветен инспекторат да интервенира. Ние и законот го сменивме и на длежносите му беа во континуирано следење на воспитно образовниот процес и евоулацијата. Затоа сметам дека дискреционите права на министерот се зголемуваат и се концентрираат во негова рака во сите сегменти од целиот закон за средно образование. Не само во овој дел, туку и во делот на учебниците, решенијата за одобрување на учебници итн. А тоа сметам дека не е тенденција на оваа Влада. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Треба да се биде коректен и да се прочита членот 93-г во целост, интегрално вака како што е напишан, иако согласно со законот за Државниот просветен инспекторат и ингеренциите кои што ги има. Ако внимателно се прочита ќе видите дека на сите им даваме претходно предност да постапат. Ова е случај, како што имаме госпоѓо пратеник, градоначалникот и после две одлуки на втооростепена владина Комисија во која се поништува неговата одлука, повторно не постапува, иако го крши законот. Од училиштата не прашуваат, кој сега нас ќе не заштити во остварување на законските права.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Повелете госпоѓа Лепиткова имате збор.

**Соња Лепиткова:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата,

Комисијата за образование, наука и спорт ги разгледа предлог законите за измени и дополнувања на Законите за основно и средно образование и на Собранието му предложи да ги усвои овие закони со тоа што Комисијата со 7 гласа за, значи едногласно, од присутните членови, ги разгледа законите, дискутираше по одредени членови, даде свои сугестии и мислења, еве и одредени амандмани произлегоа по оивие закони. Јас само можам да кажам дека се согласувам со тоа и тоа беше став на Комисијата. Навистина од донесувањето на законите од основно и средно образование, кои беа поврзани со процесот на децентрализација, со што овозможивме владението на училиштата од основно и средно образование во потполност да бидат во ингеренции на локалната самоуправа, сметајќи дека на тој начин обврзувајќи се со законите за децентрализација, што го нуди рамковниот договор, образованието ќе постигне поголем успех и со тоа онаа конзервативна средина што ја имавме со централизирано влијание врз образовниот процес, ќе можеме да наметнеме еден поголем развој со тоа што самата локална заедница ќе ги следи образовните токови во секој сегмент на развој на образованието, особено и на основното образование. Уште кога ги донесувавме тие закони беше дилема дали со двата сегменти на образование да тргнеме во процесот на децентрализација, или да почекаме искуствените предности за основно образование да ни покажат како понатаму да се движиме со процесите на децентрализација и во средното образование.

Јас можам да кажам, се согласувам со тоа дека самиот процес кој година време се одивива со децентрализацијата во образовниот систем, ќе доведе до тоа да следуваат и нови измени и не треба да бидеме кон тоа критички настроени, затоа што доколку Министерството благовремено реагира со одредени измени на законите се во функција да може да се подобрат одредени случувања што се гледа дека имале некаков негативен ефект врз самоит квалитет на образовниот процес. Од тие причини Комисијата излезе со став и сугерира до Министерството, во

најкраток можен временски период да донесе нов прочистен текст на закон односно нови закони за основно и средно образование, се со цел да можат самите тие кои се вклучени во образовниот процес, наставниците и го контролираат образовниот процес училишните одбори, да имаат пречистен текст на закон со кој може полесно да се снајдат во самата работа и во имплементацијата на законските проекти.

Кај мене дилемата е само околу училишниот одбор. Се согласувам и секогаш сум го сугерирала тоа дека мора да има квалитетни претставници, не само од училиштето, затоа што претставниците од училиштата можат да ги задоволат критериумите по она што значи членови на училиштен одбор и да ги прифатат сите ингеренции и се она што ќе претставува простор за манипулации, да може да влијаат на тоа. Меѓутоа, претставниците на локалната заедница, според мене, во новиот текст навистина треба да се води сметка, како што е тоа со Законот за јавни претпријатија, при формирање на управните одбори, да мора да бидат луѓе кои го познаваат проблемот на работа на самото претпријатие и овде тоа да бидат луѓе кои го познаваат образовниот процес. Значи зборувам за претстатвниците од локалната самоуправа. Не може локалната самоуправа која ги има најголемите надлежности во процесот на образованието, преку претставниците во училишниот одбор, а во средното образование тоа се тројца претставници и претставниците од Министерството и комората, мора да имаат завршено најмалку високо образование за да можат навистина да бидат чинители кои квалитетно ќе влијаат на спроведување на законите.

Јас се надевам дека Министерството тие сугестии ќе ги прифати и во новиот текст што ќе го предложи за основно и средно образование, тоа ќе го има предвид. Меѓутоа, сепак за претставниците на родителите, сметам дека родителите се тие и одговорноста треба да ја префрлиме кон нив, кои може да одлучат кои претставници од родителите најмногу можат да ги застапуваат интересите и на родителите и на учениците. Овие измени не се така лоши, се во функција на подобрување на Законот за основно и средно образование, како во делот на тоа дека се предвидува стручно усовршување и професионално усовршување, евалуацијата како процес кој мора да се следи, да ги следи новите токови во секој сегмент и ние во процесот на образование за кратко време можеби ќе се огледаме дека ќе се вклучиме во тоа да го поддржиме и приватното основно образование, така што. . .

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓа Лепиткова, одете по текстот на законот. Ни еден член не спомнавте.

**Соња Лепиткова:** Училишниот одбор го спомнав и усовршување. Можеби не сум ги цитирала членовите, меѓутоа се водам по текстот на законот.

Во тој контекст, како претседател на Комисијата, јас сметам дека овие измени се во функција на подобрување на законот за основно и средно образование, конкретно за Законот за средно образование и како таков треба да го прифатиме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Герамитчиоски имате реплика:

**Тале Герамитчиоски:** Најголемиот дел од забелешките кои Комисијата ги упатува, ги прифаќаме со прецизирање дека не треба пречистен текст, бидејќи тој е направен, туку треба нов текст, значи нов закон за основно и средно образование што во иднина ќе го подготвиме.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски имате зб ор.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, бидејќи расправаме по текстот, ќе се држам строго до тоа и ќе дискутирам само по членот 11 од овој закон, а ќе кажам зошто.

Значи, членот 11 што го нуди предлагачот односно Владата на Република Македонија е истиот оној член што го поднесов јас како предлагач, мислам вчера беше таа седница, кога тој закон не ми помина овде од Парламентарното мнозинство. Значи истиот закон и ја доживеавме судбината кога со Бадинтеровото мнозинство не се даде дозвола таквата одредба во Законот каде се спомнува за членовите на Управниот одбор кои имаат право на учество при донесување на одлуки, значи нивните одлуки да бидат валидни. Значи беше едно прецизирање на одредбата затоа што во пракса, вчера објаснував, да не го повторувам истото и сега, во праксата не се знаеше што е мнозинство од вкупен број 12, значи кога еден има само право на учество, без право на глас. Тоа беше со прецизирање на оваа одредба, се надмина една, да не речам грешка во текстот на законот која создаваше проблеми во пракса.

Јас навистина вчера бев зачуден зошто господинот Бадинтер, поточно пратеничката група на ДУИ, мислам дека таа беше исклучиво против и не ми беше јасно зошто, што е проблемот, кога денес, еве го имаме владиниот предлог и сега сум сигурен дека ќе го изгласаат и сега ми е јасно, зошто, затоа што предлогот дојде од Жарко Караџоски, кој припаѓа на опозицијата. Значи се она што доаѓа од Владата ние ќе го изгласаме, бидејќи ја поддржуваме, а се што доаѓа од опозицијата нема да го поддржиме. Зборувам за ДУИ. Значи на некој начин, претседателе, станав жртва на Бадинтеровото мнозинство и евеја онаа нелогичност која и тогаш кога се носеше, велев дека таквата уставна одредба не ви ја заштитува етничката заедница, односно заедницата на албанците, туку е на штета на мнозинството. Но, тоа е тоа. Со отоа ќе живееме. Тоа е едната работа,.

Второ, откако подобро размислив сватив дека министер за образование е Азис Положани, нели,

пратеничката група не може да не си го поддржува сопствениот министер, за да не му го даде на некој друг. Мислам дека навистина не е во ред на ваков начин да се носат одлуките. Немаше да смета ништо ако законот поминеше вчера, денес Владата е тука присутна, само ќе го избришеше членот 11 и се ќе беше во ред, никаков технички проблем не ќе имаше.

Тоа само сакав да го спомнам претседателе, бидејќи и вие сте можеби еден од најголемите поборници овде, како претседател на Собрание, ние во Собранието да се чувствуваме така како што и Уставот го кажал, а и граѓаните, односно ние сме тие кои ги носиме законите и не треба да правиме ваква дистинкција кога пратеник е предлагач, ништо да не се прифаќа, кога Владата е предлагач, макар и истото решение да е, тогаш се прифаќа. Сами се деградираме, а се надевам претседателе дека во иднина, вие оставивте, на некој начин белег во смисла на подобрување на улогата на пратениците и со овие закони, а не и на начинот на кој функционираме, во иднина барем да не се повторуваат вакви работи, бидејќи навистина Собранието ги носи законите.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Тоа сепак е индивидуална работа. Јас во потполност ве разбирам, па дури и се согласувам, но, реков тоа е индивидуална работа на секој пратеник.

Повелете господине Анастасовски имате збор.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван претседателе,

Јас ќе одам директно по текстот и ќе се задржам на членот 9 од измените односно член 70, бидејќи на Комисијата за образование, наука и спорт дискутиравме за законот за основно образование. Во овој закон јас побарав, бидејќи сум убеден дека се работи за квалитетни измени на Законот за основно и средно образование кои одат во правец на реформи. Тогаш прашав и сега пак ќе повторам, ме интересира дали имаше можност во членот 9 да се вметне Бирото за развој на образование. Советот на родителите и Државниот просветен инспекторат ја покренуваат иницијативата од став 1, во рок од три дена, јас барав на Комисијта, на овој член, до училишниот одбор. Само за појаснување за да им биде јасно и на колегите што всушност тука се бара. Членот 70 кажува за наставниците и стручните соработници кои во остварувањето на воспитно образовниот процес не покажуваат задоволителни резултати.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска вашето чудење не мора толку интензивно и силно да го искажувате.

**Иван Анастасовски:** Јас се обраќам како пратеник, не се обраќам од името на службата. Не знам што коментира.

Јас тогаш барав дали е можно само да се стави тука рок, бидејќи навистина кога треба да покренеме иницијатива за некои настани каде не се работело совесно и одговоро, треба тоа да го направиме во одредеи рокови бидејќи во Македонија навистина се потребни рокови за да се отвори потребната постапка. Значи дали е можно тука да се вметне терминот - во рок од три дена. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓице Грковска имате збор.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Бидејќи расправата по текстот јас ја разбирам како потенцирање на оние делби од текстот што со амандманите кои се прифатени, се подобрени, јас ќе се задржам само на два од амандманите кои беа прифатени од страна на Владата, а кои значително ќе донесуваат за подобрување на решенијата кои се дадени во законите за основно и средно образование. Сите четири амандмани кои се прифатени одат во функција на подобрување на текстот. Меѓутоа, заради подобро информирање на граѓаните, ќе укажам на два од нив што сметам дека се исклучително важни.

Во членот 4 по ставот 3, имено се прифати членот на рецензионата комисија - како и член на неговото семејство да не може да биде вработен во Министерството, ниту пак пак автор, рецензент или сручен соработник за учебникот кој е одобрен или се одобрува за употреба во истиот вид на образование, како и издавач или пак лице кое е во друг договорен однос со издавачот, кои би можеле да влијаат на објективноста на оценувањето, за што доставува изјава до Педагошката служба. Како член на семејството, во смисла на претходниот став се сметаат брачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите. Значи со овој амандман што се прифати практично се регулира конфликтот на интереси за рецензионата комисија.

Во членот 4 став 5, се прифати рокот од 90 дена од денот на завршување на конкурсниот рок за доставување на ракописите. Исто така уште еден важен амандман.

Во членот 5 се додадоа три нови става кои гласат - нема да се одобри учебник чија содржина не е во согласност со Уставот на Република Македонија, а особено со одредбите кои се донесуваат на човековите права и основните слободи, правата на припадниците на заедниците и родовата еднаквост. Учебникот, исто така не смее да содржи рекламни пораки и огласи.

Сметам дека содржината на амандманите е доволно јасна. Тие станаа составен дел на Законот. И нема да се повторувам со тоа што беше искажно до сега. Членовите кои се дадени во предлозите и за основното и за редното образование одат во функција на подобрување на решенијата кои се во основните закони, а претставуваат реакција на проблемите кои сега произлегоа од воспитно образованиот процес.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласање.

Течат десетте минути.

Како што кажав ја заклучивме расправата по текстот.

Да ве потсетам дека овој закон се гласа согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија.

Пртедлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни 54 гласале, 52 за, нема воздржани, 2 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот на закон со кревање на рака.

Кој е за предлогот на закон, молам да крене рака?

Кој е против? (Никој)

Воздржан? (Нема)

Од вкупно присутни 14, гласале 14 за, нема против, нема воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование.

Бидејќи претседателот седи овдека 8 часа, има потреба од еден час пауза, тоа значи дека тука ја завршуваме седницата и дополнително ќе најавиме продолжување.

(Седницата прекина со работа во 17,06 часот)